Натписот е преземен од списанието Scan, магазина на GS1 Нов Зеланд, издание Мај, 2016.

# Следливост на свежи Јагоди



Секторот на свежи производи мора да започне со потесна употреба на GS1 идентификаторите и баркодовите, за да се воспостават ефективни системи за следливост помеѓу одгледувачите и малопродажбата.

Потребата за тоа се потврди по направената детална студија состојбите кои сега владеат во синџирот на снабдување со Јагодите од Јужен Окланд и Ваикато, кои се продаваат во големите супер маркети.

Студијата е направена минатиот Ноември од страна на Јунајтед Фреш – здружение на 88 одгледувачи на Јагоди, трговци на големо, извозници и трговци на мало, со сèопфатна поддршка и помош на GS1 Нов Зеланд и глобалната GS1 организација. Студијата е дел од кампањата на Јунајтед Фреш (United Fresh) за промоција на следливоста и безбедност на храната во секторот на свежа храна во Нов Зеланд.

За студијата се одбрани Јагодите поради нивната особена чувствителност кон проблемите кои се однесуваат на безбедноста. Поради тоа, одгледувачите, трговците на големо и трговците на мало, вложуваат големи напори за пополнување на празнините во нивните способнобности за спроведување на целосна и сèопфатна следливост во синџирот на снабдување.

Податоците за движењето на тест единиците на спакувани Јагоди, беа снимени и евалуирани, од моментот на берба, сè до големопродажните и малопродажните дистрибутивни центри и до супермаркетите (двата најголеми синџири супермаркети во Нов Зеландземаа учество). За потребите на студијата, во неколку сценнарија, тест единиците (палети, гајби, тацни и мрежи) беа етикетирани уште на почетокот на патот – кај одгледувачите. Идентификаторите овозможија секоја тест единица на производ да биде физички следена и лоцирана во секоја точка долж синџирот на снабдување.

Студијата исто така се фокусираше на тоа дали и на кој начин, GS1 броевите и баркодовите се употребени во секое од сценаријата. Клучните наоди фрлаат светло врз клучните прашања, меѓу кои најважни се следниве:

- Дали Глобалните Броеви на Трговските Единици (GTIN-ови) добиени од GS1, се правилно доделени и баркодовите се правилно генерирани, почитувајќи ги правилата и препораките?

- Како, доколку трговците на големо и трговците на мало кога се тие страната која ги доделува GTIN-овите и ги баркодираат производите и дали овие идентификатори содржат суб-идентификатори за идентификација на индивидуалните одгледувачи од кои е набавено свежото овошје?

- Како, доколку производите од повеќе различни извори (одгледувачи) се спојат во агрегат во дистрибутивниот центар и дали и со кои методи се овозможува идентификација на компонентите на препакуваните единици во вид на гајба и палета и следливост наназад до индивидуалните одгледувачи?

- Дали трговците на големо и/или трговците на мало несоодветно ре-доделуваат и користат GTIN-ови за одреден тип на производи кои претходно биле успешно користени за слични производи кои претходно се набавувале од друг добавувач?

- Дали во случаите кога одгледувачите се страната која доделува GTIN-ови на единиците производи, тие исто така и ги скенираат баркодовите со цел добивање и размена на податоци пред да бидат испратени во синџирот на снабдување?

- За размена на кои „клучни податочни елементи“ ќе се одлучат засегнатите страни во индустријата како дел на системот на следливост? Каде се случуваат „критичните настани на следењето“ за кои треба да се соберат клучните податочни елементи за секој тип на синџир на снабдување со производи?

Др. Ханс Маурер од Јунајтед Фреш вели дека студијата ја потврдува добрата соработка и взаемната почит помеѓу сите страни во индустријата за свежи јагоди и дека сите се свесни за ризиците по исправноста на оваа ранлива категорија на производи. Но, сепак постојат одредени пропусти во разбирањето на начинот како треба правилно да се користат GTIN-овите, идентификаторите и баркодоците и на нивниот потенцијал за креирање на ефективна следливост долж целиот синџир на снабдување.

Др. Маурер е претседавач на Комитетот за Безбедност на Храната и Следливост при Јунајтед Фреш, кој сега врз основа на направената студија формулира препораки за следните чекори кои треба да ги преземе секторот во насока на решавање на овие прашања. Исто така, тој изјави дека во тек е подготовка на студија која се фокусира врз зеленчуковите насади.

Напомена: Глобалнот Број на Трговска Единица (GTIN) е број кој има 8, 13 или 14 цифри и се добива во Глобалната GS1 Организација или во Национална или Регионална GS1 Организација Членка. Често за овој број се вели „број на баркод“.